## ГРАЃАНИНОТ НА ПРВО МЕСТО



# КАДЕ ОДАТ МОИТЕ ПАРИ?


Европска Унија

British Embassy Skopje

Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Британската амбасада Скопје

Центар за Управување со Промени

АЛКА

## Што работи општината?

Општините се надлежни за вршење работи во следните области: урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање одобренија за градење објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште; заштита на животната средина и природата; локален економски развој; комунални дејности; култура; спорт и рекреација; социјална заштита и заштита на децата; основно и средно образование; здравствена заштита; заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра; противпожарна заштита; и други работи определени со закон.





## Буџет на општината

Согласно Законот за буџетите, буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува годишен план на приходите, другите приливи и одобрените средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотациите, буџетот на донациите, буџетот на заемите и буџетот на самофинансирачките активности.

При подготвувањето на буџетите за остварување на приоритетите на локално ниво, општината се води од стратешките приоритети на Владата, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика.

Буџетот на општината се состои од општ, од посебен дел и развоен дел.

**Општиот дел содржи:**

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно-оперативни приходи и расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи.



Во посебниот дел на буџетот се прикажани расходите според класификацијата на расходите што ја пропишува министерот за финансии, групирани според корисници и програми. Посебниот дел содржи и образложение на буџетот.

Приходите се приливи во општинскиот буџет кои се состојат од даночни, неданочни и капитални приходи, приходи од дотации, трансфери и приходи од донации, субвенции како и разни видови надоместоци за извршени услуги. Најголем процент на приливите во општинскиот буџет се од даноци (најзначајни се данокот на имот и данокот на доход), разни такси и надоместоци.

Расходите претставуваат трошење на буџетските средства за различни намени/активности. Тие се издатоците кои се прават за финансирање на понудата на јавни добра остварена преку реализацијата на јавните приходи за намени од јавен интерес.

## Како се носи буџетот?



- Министерот за финансии најдоцна до 30 септември во тековната година изготвува буџетски циркулар за наредната година.
- Со буџетскиот циркулар општините се известуваат за основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на општинскиот буџет, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на земјата, од буџетите на фондовите, како и од приходите од други извори.
- Градоначалникот на општината подготвува Предлог-план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот од Министерството за финансии и го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година. Советот на општината го одобрува Предлог-планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлог-буџетот на општината.
- Советот на општината го донесува буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година, по сметки, по потпрограми и по ставки.

## Донесување годишна сметка

По истекот на фискалната година, Советот на општината донесува Годишна сметка на буџетот на општината. Таа ги содржи сите елементи што ги содржи буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и расходи за сите општински буџетски корисници. Градоначалникот ја доставува годишната сметка за донесување до Советот на општината, најдоцна до 28 февруари во наредната година. Советот ја донесува годишната сметка најдоцна до 15 март во тековната година, за претходната година и ја доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.  По донесувањето на годишната сметка градоначалникот ја информира јавноста за нејзината содржина.

## Периодични финансиски извештаи

Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.



Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот. Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на извештаите.

# Што е партиципативно буџетирање?



Партиципативно буџетирање е процес на донесување одлуки во заедницата, преку кој граѓаните непосредно даваат предлози и преговараат за распределбата на јавните средства. Процесот на донесување на буџетот треба да е отворен за сите заинтересирани членови на локалната заедница, без ограничување на одредени групи, здруженија или поединци.

Целта на партиципативното буџетирање е зголемување на социјалната одговорност, зголемување на моќта и гласот на граѓаните како и подобрување на условите за живеење преку задоволување на потребите на локалната заедница. Исто така, преку партиципативното буџетирање на администрацијата ѝ се овозможува да развие партиципативно и одговорно локално владеење на кое ќе му се верува, а истовремено им се овозможува на граѓаните да го подобрат сопствениот живот, со сопствени идеи и учество.

## Буџет за експерти или граѓански буџет?

Утврдениот пристап во буџетското планирање и известување по реализација на буџетите е ригиден во контекст на прикажувањето на планираните и реализираните финансии. Претставен на ваков начин, буџетот на локалната власт може да биде неразбирлив за просечниот граѓанин кој нема познавање од сметководствени и економски термини.

**Токму затоа се настојува за воведување на граѓански буџет кој, пред сè, би требало, според терминологијата, начинот на подготовка и прикажување да биде појасен и поразбирлив за граѓанинот и, во крајна мера, би ја олеснил можноста граѓаните да партиципираат во неговата изработка.**



## Што е граѓански буџет?

Граѓанскиот буџет има цел поедноставно прикажување на буџетските ставки со цел граѓаните полесно да разберат како општината се финансира и за која намена се трошат буџетските средства.



На овој начин се овозможува потранспарентно финансиско управување на локалните самоуправи бидејќи граѓаните имаат многу подобар увид како се управува со нивните пари. Следствено на тоа, учеството на граѓаните во процесите на креирањето на најважните локални одлуки, вклучувајќи го и процесот на носење на буџетот на општината, е позначително.

# Буџет и отворени податоци

Отворени владини податоци се сите податоци што ги поседува јавниот сектор, јавно објавени на интернет во компјутерски обработлив формат, достапни за сите граѓани и слободни за користење и обработка.

Објавувањето на финансиските податоци во отворен формат ќе овозможи полесно користење на овие податоци од страна на граѓаните и граѓанските организации при спроведувања на истражувања и анализи. Имено, објавувањето на финансиските податоци во необработена форма и во електронски формат кој е погоден за автоматска обработка дава можност и за вкрстување на податоците од други извори и со тоа добивање на поквалитетни и порелевантни резултати.

Со објавувањето на отворени финансиски податоци, а особено оние кои ги сочинуваат главните фискални документи како што се буџетот, завршната сметка и кварталните и годишните финансиски извештаи, а особено ако се програмски структурирани, може да се изработат апликации за визуализација на планираниот буџет и извршувањето на буџетот.






*Слика 1* – Апликација „Where does my money go“

Таков пример е апликацијата “Where does my money go” од Велика Британија (Каде се трошат моите пари?). Апликацијата прикажува како се распределува буџетот во Велика Британија по области, односно колку од буџетот се распределува за здравство, образование, одбрана, култура итн.

Корисникот може да направи и подетална анализа за тоа како се трошат средствата во рамките на една област. Овие информации се сегментирани и по региони, за да може граѓаните да направат споредба како се извршува буџетот по различни делови на Велика Британија.

Во зависност од внесените параметри за своите приходи, граѓаните може да добијат визуализација за тоа како се распределуваат даноците за нивните приходи, односно колку следува на различни области во јавните политики.

Големиот опсег објавени финансиски податоци се користат во апликацијата за прикажување детални информации за сите настанати трошоци од страна на властите во Велика Британија, а кои надминуваат 25.000 фунти.

**Центар за управување со промени**
ул. Рајко Жинзифов бр. 44-1, Скопје
тел.: +389(0)2 6092-216
е-пошта: info@cup.org.mk
веб: www.cup.org.mk

**Центар за одржлив развој АЛКА**
Бул. Партизански одреди бр. 62-1/16, Скопје
тел.: + 389(0)2 3214-505
е-пошта: alka@alka.org.mk
веб: www.alka.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Центарот за управување со промени и Центарот за одржлив развој – АЛКА и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка на Британската амбасада Скопје во рамките на проектот – Граѓанинот на прво место. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

Проектот – Граѓанинот на прво место – е имплементиран од страна на Центарот за управување со промени во партнерство со Центарот за одржлив развој – АЛКА. Соработници во проектот се Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа. Проектот е финансиран од страна на Европската Делегација преку Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД), а кофинансиран од Британската амбасада.

Проектот се фокусира на подобрување на транспарентноста на единиците на локалните самоуправи преку воспоставување стандарди за отворени податоци на локално ниво, со цел подобро вклучување на граѓаните и граѓанските организации во следењето на работата и донесувањето одлуки од страна на општините.